Во рамките на соработката на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола и Народна Банка на РМ, Ве известуваме дека студентите од областа на економијата, правото, информатичките науки и други општествени науки коишто се во доменот на работата на организациските единици во Народната банка, имаат можност да вршат практична работа во Народната банка на Република Македонија, во текот на **јуни, јули и август 2018 година**.

Пријавата се доставува до Народната банка откако претходно е целосно пополнета од страна на студентот со потврда и печат на факултетот, а кон барањето треба да се достави и следново:

- доказ за видот на образованието коешто е во тек (копија од индекс или ИД);
- доказ за просечен успех
- доказ за познавање на англискиот јазик (се прифаќа и копија од положен испит по англиски јазик);
- доказ за познавање MS Office (се прифаќа и копија од положен испит по информациски технологии);
- мотивациско писмо.

При одобрување на пријавата, ќе се имаат предвид видот на образованието, просечниот успех, како и покажаната мотивација за вршење практична работа во Народната банка.

**Пријавата** за вршење практична работа со повеќе информации, можете да најдете на следниот линк:

http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-oglas-za-vrsene-prakticna-rabota--vo-narodnata-banka-na-republika-makedonija-2018.nspx

